**27.08.2013**

ПОСЕТА НА "11 ОКТОМВРИ – ЕУРОКОМПОЗИТ"



Средбата во прилепското претпријатиеПретседателот на Сојузот на синдикати на Македонија, д-р Живко Митревски, Претседателот на СИЕР, Пеце Ристески во придружба на Секретарот на Регионалното синдикално претставништво на ССМ во

Прилеп, Лазар Ангелески реализираа работна посета во “11ти Октомври - ЕУРОКОМПОЗИТ“ АД Прилеп на ден 23.8.2013 година.

На работната средба за состојбите во овој субјект информираше директорот Никола Лучевски, а за состојбите во Синдикалната организација, Претседателот на СО, Бранко Чатлевски.

На работната средба претставниците од Синдикатот беа информирани за постапката околу објавениот тендер за продажба на ова претпријатие како едно од претпријатијата загубари и за интересот на партнерот во однос на тендерската документација.

Исто така, беше разговарано за состојбата со платите, остварувањето на здравствена и пензиска заштита и за најавениот процес на доброволно заминување на поголем број на работници.

На средбата беше заклучено дека сите овие процеси треба паралелно да се разгледаат од социјалните партнери на ниво на претпријатие, но и на повисоко ниво, се со цел ССМ, СИЕР и СО да бидат комплетно информирани за состојбите околу ова претпријатие.

ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОСНОВАЊЕ ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКО – СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ ВО РЕСЕН

